Рего парк, Њујорк 1958 година.




АРТИ! ПРИДРЖИ ГО ОВА ДОДЕКА ГО ПРЕСЕЧАМ.
ШМРК
ЗОШТО ПЛАЧЕШ, АРТИ? ДРЖИ ЈА ШТИЦАТА ПОЦВРСТО.
П-ПАДНАВ, А ПРИЈАТЕЛИТЕ ЗАМИНАА Б-БЕЗ МЕНЕ.
Престана да сече.
ПРИЈАТЕЛИТЕ? ТВОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ?...
ДА ГИ ЗАТВОРИШ ВО СОБА БЕЗ ХРАНА ЕДНА НЕДЕЛА...
...ТОГАШ ЌЕ ВИДАТ ШТО СЕ ТОА „ПРИЈАТЕЛИ“!...

# I

# МАУС



ЗА АЊА

# ОД ТАТКО МИ КРВАВИ ИСТОРИЈАТА

(СРЕДИНАТА НА 30-ТИТЕ ДО ЗИМАТА 1944)



## СОДРЖИНА


11 глава прва / шеикот

27 глава втора / медениот месец

43 глава трета / воениот затвореник

73 глава четврта / јажето се стега

97 глава петта / глувчешки дупки

131 глава шеста / стапица за глувци

**„Несомнено, Евреите се раса,**

**но не човечка.“**

АДОЛФ ХИТЛЕР

# ГЛАВА ПРВА




Отидов да го посетам татко ми во Рего парк. Го немав видено долго време – не сме многу блиски.
ТАТО!
АРТИ, ДОЦНИШ, ЗАГРИЖЕН БЕВ.
ЗОШТО НЕ ДОЈДЕ ФРАНСОАЗ?
УФ, ПА, ВЕ ПОЗДРАВУВА.
Остарел многу од последниот пат кога го видов. Самоубиството на мајка ми и неговите два инфаркта го зедоа данокот.
МАЛА! ГЛЕДАЈ КОЈ ДОШОЛ! АРТИ!
Беше преженет. Мала ги познаваше моите родители во Полска пред војната.
Таа исто така беше една од преживеаните, како и повеќето пријатели на моите родители.
ЗДРАВО, АРТИ. ДАЈ ГО ПАЛТОТО.
ВЕЧЕРАТА Е НА МАСА.
АУФ, МАЛА!
МУ ДАВАШ ЖИЧЕНА ЗАКАЧАЛКА! НЕ СУМ ГО ВИДЕЛ ИМА ДВЕ ГОДИНИ... ИМАМЕ КУП ДРВЕНИ ЗАКАЧАЛКИ.
Не се во добри односи.


По вечерата ме одведе во мојата стара соба...
ДОЈДИ. ЗБОРУВАМЕ ДОДЕКА ПЕДАЛИРАМ...
ДОБРИ МИ СЕ ЗА СРЦЕ, ПЕДАЛИ. НО, КАЖИ МИ, КАКО ОДИ? КАКО СТРИП-БИЗНИСОТ?
СÈ УШТЕ САКАМ ДА НАПРАВАМ КНИГА ЗА ТЕБЕ...
ОНАА ЗА КОЈА ТИ ЗБОРУВАВ...
ЗА ТВОЈОТ ЖИВОТ ВО ПОЛСКА И ВОЈНАТА.
МОЈ ЖИВОТ БИ ЗАФАЌАЛ **МНОГУ** КНИГИ, А, И НИКОЈ НЕ САКА ДА СЛУША ТАКВИ ПРИКАЗНИ.
ЈАС САКАМ ДА ЈА СЛУШНАМ. ПОЧНИ СО МАМА... КАЖИ МИ КАКО СЕ СРЕТНАВТЕ.
**ПОДОБРО ТРОШИ ВРЕМЕ НАПРАВИ НЕШТО ДА ТИ НОСИ ПАРИ...**
НО, АКО САКАШ, ЌЕ РАСКАЖАМ... ТОГАШ ЖИВЕЕВ ВО ЧЕНСТОХОВА, ГРАТЧЕ, ДО ГРАНИЦА СО ГЕРМАНИЈА...
БИЛ ВО ТРГОВИЈА СО ТЕКСТИЛ – НЕ ЗАРАБОТУВАЛ МНОГУ, КОЛКУ ЗА ЖИВОТ.


БИЛ ТОГАШ МЛАД И ДОСТА ЗГОДЕН.
ИМАЛ МНОГУ ДЕВОЈКИ КОИ И НЕ ЗНАЕВ ДЕКА МЕ БРКААТ.
ЗВРРР
АЛО, *ВЛАДЕК?* ОВДЕ ЈУЛЕК...
ЕДНА ПРИЈАТЕЛКА, ЛУЦИЈА ГРИНБЕРГ, САКА ДА СЕ ЗАПОЗНАЕ СО ТЕБЕ.
THE SHEIK
ЛУЃЕТО МИ ЗБОРУВАА ИСТ СУМ БИЛ РУДОЛФ ВАЛЕНТИНО.
PICTURE
НАЈПОСЛЕ ОДВЕДОВ ЛУЦИЈА НА ИГРАНКА...
ЖИВЕЕШ САМ?
ДА.
ИМАМ МАЛ СТАН, МОИТЕ РОДИТЕЛИ СЕ ПРЕСЕЛИЈА ВО СОСНОВИЕЦ.
БИ САКАЛА ДА ГО ВИДАМ НЕКОГАШ.
МОЖЕБИ НЕКОГАШ.


КАДЕ ДА ОТИДЕВ - ЛУЦИЈА ГРИНБЕРГ БЕШЕ ТАМУ...
ЕЈ ВЛАДЕК! -КАДЕ?
САМО ДО ПАЗАР.
И ЈАС - АЈДЕ ДА ОДИМЕ ЗАЕДНО.
НО, ТАТО... МАМА СЕ ВИКАШЕ АЊА ЗИЛБЕРБЕРГ!...
ОВА БЕШЕ ПРЕД ДА ЈА СРЕТНАМ АЊА - САМО СЛУШАЈ, ДА?
ЗОШТО НИКОГАШ НЕ МЕ КАНИШ КАЈ ТЕБЕ?... СЕ СРАМИШ?
ПРОДОЛЖИ ДА МЕ ТЕРА ДА Ѝ ПОКАЖАМ СТАНОТ...
НАЈПОСЛЕ ЈА ПОКАНИВ...
СÈ Е ТОЛКУ ЧИСТО И УРЕДНО!
САКАМ РАБОТИТЕ ДА БИДАТ УРЕДНИ.
МОРА ДА ИМАШ ДРУГА ДЕВОЈКА - ШТО ТИ ЧИСТИ - НЕ?
НЕ.
НЕ САКАВ НИШТО СО НЕА, НО ДА МЕ ПУШТИ НЕ САКАЛА.


ТАА БЕШЕ ПРВАТА ДЕВОЈКА ШТО ТИ - УФ
ДА... СЕ СПЛЕТКАВМЕ, КАКО И МЛАДИ ОВДЕ ДЕНЕС.
СЕ ГЛЕДАВМЕ МОЖЕБИ ТРИ ИЛИ ЧЕТИРИ ГОДИНИ.
АЈДЕ ДА СЕ ЗЕМЕМЕ, ВЛАДЕК.
ДОЦНА Е, ЌЕ ТЕ ОДНЕСАМ ДОМА.
НЕ УШТЕ, ТЕ МОЛАМ.
АЈДЕ - ТВОИТЕ РОДИТЕЛИ ЌЕ СЕ ГРИЖАТ.
СЕМЕЈСТВО Ѝ БЕШЕ ФИНО, АМА БЕЗ ПАРИ, НИ ЗА МИРАЗ.
CZESTOCHOWA / SOSNOWIEC
ПА СЕКОЈ ПРАЗНИК ОДЕВ ПОСЕТАМ МОИТЕ... ТОА БЕШЕ ПАТ ОД МОЖДА 35-40 МИЛЈИ.
ДЕКЕМВРИ 1935
ВЛАДЕК!
ДОБРО Е ШТО ТЕ ГЛЕДАМ ПАК. СЛУШАЈ...
ИМА ЕДНА ДЕВОЈКА ВО МОЈОТ КЛАС - САКАМ УТРЕ ДА СЕ ЗАПОЗНАЕТЕ - СЕ ВИКА АЊА.
НЕВЕРОЈАТНО Е ПАМЕТНА, ОД БОГАТО СЕМЕЈСТВО... МНОГУ ДОБРА ДЕВОЈКА.


СЛЕДНО УТРО СРЕТНАВМЕ.
РОДНИНА И АЊА ПОВРЕМЕНО ЗБОРУВАЛЕ АНГЛИСКИ.
ТИ СЕ ДОПАЃА?
УБАВ Е И ИЗГЛЕДА ФИНО.
НЕ ЗНАЕЛЕ РАЗБИРАМ.
ПА - ВЕТИВ ДЕКА ЌЕ СЕ ВРАТАМ РАНО... ВЕ ОСТАВАМ САМИ.
ЗНАЕШ, ТРЕБА ДА ВНИМАВАШ КОГА ЗБОРУВАШ АНГЛИСКИ - „СТРАНЕЦОТ“ МОЖЕБИ РАЗБИРА.
Т-ТИ ЗНАЕШ АНГЛИСКИ?
НАУЧИ ВО ШКОЛО?
МОРАВ ДА ГО НАПУШТАМ ШКОЛОТО НА ОКОЛУ 14 ГОДИНИ ЗА ДА РАБОТАМ.
...НО, ЗЕМАВ ПРИВАТНИ ЧАСОВИ... ОТСЕКОГАШ СОНУВАВ ДА ОДАМ ВО АМЕРИКА.
ШТЕТА Е ШТО МОРАШ ДА СЕ ВРАТИШ ВО ЧЕНСТОХОВА ТОЛКУ БРЗО.
ДА - НО ИМАМ РАБОТА.
ИМАШ ТЕЛЕФОН ДОМА?
СЕ ВРАТИВ ВО ЧЕНСТОХОВА, МИ ТЕЛЕФОНИРАШЕ - ЕДНАШ ДНЕВНО... ДВАПАТИ... ЗБОРУВАВМЕ СЕКОЈ ДЕН.


И ПОЧНА ДА МИ ПИШУВА ПРЕКРАСНИ ПИСМА - НИКОЈ НЕ ПИШУВА ПОЛСКИ КАКО НЕА.
НЕКОЛКУ ПАТИ ПОСЕТИЛ. МИ ПРАТИ СЛИКА...
КУПИВ МНОГУ УБАВА РАМКА...
ПОМИНА НЕДЕЛА ДЕНА ЛУЦИЈА ДОЈДЕ И ВИДЕ СЛИКА...
ЌЕ СЕ ВЕРАМ СО НЕА, ЛУЦИЈА.
ПИХ! ВИДИ КАКВА УБАВИЦА СИ ИЗБРАЛ.
НЕ Е СÈ ВО ИЗГЛЕДОТ, ЛУЦИЈА. ЗА ДВАЈЦАТА НЕ Е ДОБРО ДА ПРОДОЛЖИШ ДА ДОАЃАШ...
...МОРАМЕ ДА ЈА ПЛАНИРАМЕ ИДНИНАТА, И...
ЗАБОРАВИ ЈА! ДОЗВОЛИ МИ ДА ТЕ УСРЕЌАМ!
НЕ БИЛО ЛЕСНО ОСЛОБОДАМ ОД ЛУЦИЈА.


МАМА НЕ БЕШЕ ТОЛКУ ПРИВЛЕЧНА, А?
НЕ КОЛКУ ЛУЦИЈА... НО, ШТОМ ПРОЗБОРИ МАЛКУ СО НЕА ЧОВЕК ПОЧНУВА ДА ЈА САКА СЀ ПОВЕЌЕ И ПОВЕЌЕ.
ЕДНАШ НАЛЕТАВМЕ НА ДИРЕКТОРОТ НА НЕЈЗИНО ШКОЛО...
ИМАТЕ МНОГУ СРЕЌА, Г. СПИГЕЛМАН.
...НЕ ЗНАЕТЕ КАКВА ДЕВОЈКА ЗЕМАТЕ... СУМ ИМАЛ МНОГУ СТУДЕНТИ...
...НО НИКОГАШ НЕКОЈ ТОЛКУ ЧУВСТВИТЕЛЕН И ИНТЕЛИГЕНТЕН КАКО АЊА!
ДА - ЗАТОА И ЈА ИЗБРАВ.
САКАМ ДА МЕ ПОСЕТИШ ВО ЧЕНСТОХОВА. САКАМ ДА ТЕ ПОКАЖАМ НА ПРИЈАТЕЛИТЕ.
ЈА МОЛЕВ МАЈКА МИ ДА МЕ ПУШТИ - НО ТАА Е ТОЛКУ РЕЛИГИОЗНА И СТАРОМОДНА.
...НИКОГАШ НЕ БИ МЕ ПУШТИЛА ДА ОДАМ ВО СТАН НА ЕРГЕН!
РОДИТЕЛИТЕ НА АЊА САКАЛЕ ДА СЕ ОМАЖИ. ТОГАШ ИМАШЕ 24 ГОДИНИ, ЈАС 30.
МОИТЕ РОДИТЕЛИ ТЕ КАНАТ НА ВЕЧЕРА УТРЕ.
СЕМЕЈСТВОТО ЗИЛБЕРБЕРГ БЕШЕ ДОБРОСТОЕЧКО - *МИЛИОНЕРИ!*


ЗИЛБЕРБЕРГОВИ ИМАА ФАБРИКА ЗА ЧОРАПИ - ЕДНА ОД НАЈГОЛЕМИТЕ ВО ПОЛСКА... НО КОГА ДОЈДОВ ВО НИВНАТА КУЌА, КАКО ДА ДОШОЛ КРАЛ...
ДОБРЕ ДОЈДЕ, ДОБРЕ ДОЈДЕ.
**АЊА** - ВЛАДЕК Е ОВДЕ!
СМЕСТИ СЕ ДОДЕКА ДА ПОМОГНАМ СО ВЕЧЕРАТА.
ЗА ДА ВИДАМ КАКВА ДОМАЌИНКА Е, ЅИРНАЛ ВО ПЛАКАРОТ НА АЊА.
СЀ ЧИСТО И УРЕДНО, КАКО ШТО САКАМ!
НО, ШТО Е ОВА **- ТАБЛЕТИ?!**
ЗАПИШАЛ СЀ.
АКО Е БОЛНА, ТОГАШ ШТО ЌЕ МИ Е?
ВЕЧЕРАТА Е ГОТОВА!
ПОДОЦНА ПРИЈАТЕЛ, АПТЕКАР, КАЖА ДЕКА ТАБЛЕТИТЕ СЕ САМО ДЕКА БИЛА СЛАБА И НЕРВОЗНА.
САКАШ УШТЕ МАЛКУ *ПОЛНЕТА РИБА*, ВЛАДЕК?
ДА СКРАТАМ, ДО КРАЈОТ НА 1936 СЕ ВЕРИЛЕ И ЈАС ПРЕСЕЛИЛ ОД ЧЕНСТОХОВА ВО СОСНОВИЕЦ.


АХ! ЗАБОРАВИЛ ДА КАЖАМ ШТО СЕ СЛУЧИЛО ПРЕД ПРЕСЕЛАМ ВО СОСНОВИЕЦ, НО ОТКАКО СЕ ВЕРИВМЕ.
ЕДНА ВЕЧЕР ЅВОНИ НА ВРАТАТА...
ЛУЦИЈА
ШТО ПРАВИШ ОВДЕ? ЈАС ИЗЛЕГУВАМ.
Ј-ЈАС ЌЕ ДОЈДАМ СО ТЕБЕ.
НЕ, НЕ МОЖЕШ ДА ДОЈДЕШ СО...
ТЕ МОЛАМ, ВЛАДЕК!
ПАДНА НА ЗЕМЈА И СЕ ОБВИТКА ОКОЛУ МОИТЕ НОЗЕ.
НЕ БЕГАЈ!
СФАТИЛ ДЕКА ПРЕДОЛГО БИЛ СО НЕА.
ТРЕС
ОТРЧАЛ КАЈ ПРИЈАТЕЛ ШТО НÈ ЗАПОЗНА. ЈА СМИРИ И ЈА ОДНЕСЕ ДОМА.


НЕ СЛУШНАВ НИТУ ГЛАС ОД НЕА - НО И АЊА ПРЕСТАНА ДА МИ СЕ ЈАВУВА...
НЕМА ТЕЛЕФОНСКИ ПОВИЦИ, НИ ПИСМА, *НИШТО!* ШТО СЕ СЛУЧИЛО?
АЛО, ГОСПОЃО ЗИЛБЕРБЕРГ, МОЖЕ ДА ЗБОРУВАМ СО АЊА?
ВЕЛИ ДЕКА НЕ САКА ДА ЗБОРУВА СО ТЕБЕ!
НО, **ЗОШТО?**
ДОБИ ПИСМО ОД НЕКОГО ОД ЧЕНСТОХОВА. ГОСПОДИ! ПИШУВА НАЈЛОШИ РАБОТИ ЗА ТЕБЕ!
ПА, НЕ МОЖАМ ДА ЈА УБЕДАМ ПО ТЕЛЕФОН. ЌЕ ДОЈДАМ СО ВОЗ ВО ПЕТОК ПОСЛЕ РАБОТА.
НЕ БИЛ ПРАЗНИК, АМА ОТИДОВ ВО СОСНОВИЕЦ.
ПА, КАЖИ МИ, АЊА - ШТО ТОЛКУ СТРАШНО СУМ НАПРАВИЛ?
ТИ ТРЕБА ДА ЗНАЕШ - ПРОЧИТАЈ ГО **ОВА!**


НЕ САКАМ ДУРИ НИ ДА ГО ПОГЛЕДНАМ, КАЖИ МИ ШТО ПИШУВА. ИЛИ, ПОДОБРО, ЈАС ЌЕ ТИ КАЖАМ.
-ЛУЦИЈА ГРИНБЕРГ, ТОЧНО?
ПОТПИШАНО Е САМО СО „ТВОЈ ТАЕН ПРИЈАТЕЛ, Л.“
ВЕЛИ ДЕКА ИМАШ МНОГУ ЛОША РЕПУТАЦИЈА ВО ЧЕНСТОХОВА...
ДЕКА ИМАШ МНОГУ ДЕВОЈКИ...
И ДЕКА СЕ ЖЕНИШ СО МЕНЕ ПОРАДИ ПАРИТЕ!
АХ, АЊА - БИ ТРЕБАЛО ПОДОБРО ДА МЕ ПОЗНАВАШ... ПРАШАЈ КОГО БИЛО ВО ЧЕНСТОХОВА ЗА МЕНЕ.
ЛУЦИЈА Е БИВША ДЕВОЈКА КОЈА НЕ МИ ДАВА МИР. НЕ МИ ЗНАЧИ ВООПШТО.
ПОСЛЕ МНОГУ ЗБОРУВАЊЕ, ЈА РАЗУБЕДИЛ.
ТАКА СЕ ПРЕСЕЛИЛ ВО СОСНОВИЕЦ ДО КРАЈОТ НА 1936. ВО ФЕВРУАРИ 1937 ВЕНЧАВКА.
СЕГА МАЛКУ ВОТКА, ДА НАЗДРАВИМЕ ЗА МЛАДАТА ДВОЈКА.
СЕ ВСЕЛИВ ВО ЕДЕН ОД ДВАТА СТАНА НА ТАТКО Ѝ. МИ ГО ПРЕПИША МЕНЕ И МИ ПОДАРИ ПРЕКРАСЕН ЗЛАТЕН ЧАСОВНИК КАКО СВАДБЕН ПОДАРОК.


НО ОВА ШТО РЕКОЛ - ЗА ЛУЦИЈА И ТОА - НЕ САКАМ ДА ГО ПИШУВАШ ВО ТВОЈА КНИГА.
ШТО? ЗОШТО?
НЕМА ВРСКА СО ХИТЛЕР, СО ХОЛОКАУСТ!
НО, ТАТО - ТОА Е ОДЛИЧЕН МАТЕРИЈАЛ. ТАКА СÈ ИЗГЛЕДА ПОРЕАЛНО - ПОЧОВЕЧКИ.
САКАМ ДА ЈА РАСКАЖАМ ТВОЈАТА ПРИКАЗНА, ОНАКА КАКО ШТО БИЛО НАВИСТИНА.
НО, ТОА НЕ Е ПРАВО, НЕ Е ДОСТОИНСТВЕНО...
...МОЖАМ ДА ТИ РАСКАЖАМ ДРУГИ ПРИКАЗНИ, НЕ САКАМ ДА СПОМНУВАШ ТАКВИ ПРИВАТНИ РАБОТИ.
ДОБРО, ДОБРО - ВЕТУВАМ.

# ГЛАВА ВТОРА




Следните месеци редовно го посетував татко ми за да ја слушнам целата приказна.
ОВА СО МАМА...
...11... 12... 13...
А... ШТО ПРАВИШ ТАТО?
ГИ РЕДАМ ТАБЛЕТИТЕ ВО ДНЕВНИ ДОЗИ.
...14 ...15...
...16... 17... 18...
ЗАРЕМ ТОЛКУ?
6 ТАБЛЕТИ ЗА СРЦЕ, И ЗА ДИЈАБЕТЕС... И МОЖЕБИ 25 ИЛИ 30 ВИТАМИНИ.
ЗА ЗДРАВЈЕ МОРАМ ДА БОРАМ ЗА ДА СПАСАМ. ДОКТОРИ ДАВААТ САМО „ЃУБРЕ"!...
...ТАКА СЕГА НАРЕКУВАМ ЛЕКОВИ. ПРОУЧИВ СПИСАНИЈА ЗА **ЗДРАВЈЕ**... МОЖЕБИ САКАШ ДА ЧИТАШ?
НЕ, ФАЛА.
ОВА СО МАМА - ИМАЛА МОМЧИЊА ПРЕД ДА ТЕ ЗАПОЗНАЕ?
НЕ **ЉУБОВНИ**... НО ЕДЕН *ВИСОК* ОД ВАРШАВА.
ТОЈ БЕШЕ... **КОМУНИСТ!**


ДУРИ И ПО ВЕНЧАВКАТА, КОГА ЌЕ ДОЈДЕШЕ ВО СОСНОВИЕЦ, АЊА СЕКОГАШ ОДЕЛА ДА ГО ВИДИ.
НЕ ЗНАЕВ, СЕКАКО, ДЕКА БИЛ КОМУНИСТ. **СЕКОГАШ** СЕ ДРЖАМ НАСТРАНА ОД КОМУНИСТИТЕ.
КРАТКО ПО ВЕНЧАВКАТА, СЕ ВРАЌАЛ ОД СЛУЖБЕН ПАТ...
ЕЈ, ВЛАДЕК, ШТОТУКУ ЈА УАПСИЈА КРОЈАЧКАТА ОД ТВОЈОТ ВЛЕЗ*!*...
ИМАЛА НЕКАКВИ ТАЈНИ КОМУНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТИ*!*
POLICJA
ПОТОА СЕ КАЧИЛ НА КАТОТ...
ПОЛИЦИЈАТА, ШТОТУКУ ЈА *УАП... А?* ШТО СЕ СЛУЧИЛО?
ПОЛИЦИЈАТА БЕШЕ **ТУКА!**
ЈА БАРАА АЊА*!*
СЕГА НИ КАЖА...
МОМЧЕТО ОД ВАРШАВА НОСИ КОМУНИСТИЧКИ ЛЕТОЦИ.
ТАА ГИ ПРЕВЕДУВА НА ГЕРМАНСКИ И ГИ ДЕЛИ*!*
АЊА БЕШЕ ВПЛЕТКАНА ВО *ЗАГОВОР!*


КРАТКО ПРЕД ДА ДОЈДЕ ПОЛИЦИЈАТА Ѝ СЕ ЈАВИЛЕ ПРИЈАТЕЛИТЕ...
СЕ СОМНЕВААТ ВО ТЕБЕ! БРЗО СКРИЈ ГИ ЛЕТОЦИТЕ! НО, ВАЖНИ СЕ - ОБИДИ СЕ ДА НЕ ГИ УНИШТИШ.
*ШТО ДА ПРАВИ?* ОТРЧА КАЈ КРОЈАЧКАТА, НАША СТАНАРКА.
ГОСПОЃИЦЕ СТЕФАНСКА - ВЕ МОЛАМ! СОКРИЈТЕ ГО ПАКЕТОВ - НЕ КАЖУВАЈТЕ **НИКОМУ** ЗА НЕГО!
?
АЊА БЕШЕ ДОБАР КЛИЕНТ, ПА ОВАА СЕ СОГЛАСИ.
ПОЛИЦИЈАТА ЈА ПРЕБАРА НАШАТА КУЌА ОД ПОКРИВ ДО ПОДРУМ. НЕ НАЈДОА НИШТО, ПА ГИ ПРЕТРЕСУВАА СОСЕДИТЕ.
ДОБРО - ОД КАЈ ВИ Е ПАКЕТОВ?
НИКОГАШ НЕ СУМ ГО ВИДЕЛА - ВЕРОЈАТНО ГО ОСТАВИЛА НЕКОЈА КЛИЕНТКА!
АЊА СЕ СПАСИ, НО КРОЈАЧКАТА ЈА УАПСИЛЕ.


КОГА ОТКРИЛ ПРИКАЗНАТА, ПОДГОТВЕН ЗА РАСКИН НА БРАК.
Ѝ РЕКОЛ, „АЊА, АКО МЕ САКАШ МОРАШ ПО МОЈОТ ПАТ..."
„АКО ГИ САКАШ СВОИТЕ ПРИЈАТЕЛИ КОМУНИСТИ, ТОГАШ НЕ МОЖАМ ДА ОСТАНАМ ВО КУЌА!"
А ТАА БЕШЕ ДОБРА ДЕВОЈКА И, СЕ РАЗБИРА, ПРЕСТАНА СО СЕТО ТОА.
ШТО СЕ СЛУЧИ СО КРОЈАЧКАТА?
ГОСПОЃИЦА СТЕФАНСКА БЕШЕ ЗАТВОР МОЖЕБИ 3 МЕСЕЦИ.
НЕМАА ДОВОЛНО ДОКАЗИ И НАЈПОСЛЕ ПОЛИЦИЈАТА ЈА ОСЛОБОДИ.
ТАТКО Ѝ НА АЊА ГИ ПЛАТИЛ АДВОКАТСКИТЕ ТРОШОЦИ И Ѝ ДАЛ МАЛКУ ПАРИ - ТОА ГО ЧИНЕЛО МОЖЕБИ 15000 ЗЛОТИ.
МНОГУ Е, НЕЛИ?
НО, НЕ САМО ТОА. ЗА НАС НАПРАВИ МНОГУ **ПОВЕЌЕ**...
ЗНАЕШ, ВЛАДЕК, КОГА ТИ И АЊА ЌЕ МИ ПОДАРИТЕ ВНУК, САКАМ ДА БИДЕ ИМОТЕН.
НАСКОРО, ПРОДАВАЈЌИ, ЌЕ ЗАРАБОТАМ ДОВОЛНО ЗА ДА ОТВОРАМ ПРОДАВНИЦА ЗА ТЕКСТИЛ...
ПРОДАВНИЦА? **ФУЈ!** ТЕБЕ ТИ ТРЕБА **ФАБРИКА** ЗА ТЕКСТИЛ!
ТОА ЌЕ ЧИНИ ЦЕЛО **БОГАТСТВО!!**
*НЕ ГРИЖИ СЕ* - МОЖАМ ДА ТИ ДАДАМ ПАРИ И КРЕДИТИ.
ОТВОРИВ ФАБРИКА ВО *БИЕЛСКО*, И ЈА ПОСЕТУВАВ АЊА СЕКОЈ ВИКЕНД.


ДО ОКТОМВРИ 1937 ГОДИНА ФАБРИКА РАБОТЕЛА И СЕ РОДИЛ МОЈ ПРВ СИН, РИЧИЈУ.
ГОЛЕМО БЕБЕ - НАД 3 КИЛОГРАМИ.
ГОСПОДИ - АЊА ИМА САМО 39!
НЕ ГО ПОЗНАВАШ. НЕ ЈА ПРЕЖИВЕАЛ ВОЈНАТА.
ДА, ЗНАМ...
НО, ЧЕКАЈ - АКО СТЕ СЕ ЗЕМАЛЕ ВО ФЕВРУАРИ, А РИЧИЈУ Е РОДЕН ВО ОКТОМВРИ, БИЛ НЕДОНОСЕН?
ДА, МАЛКУ...
НО, ТИ - ПО ВОЈНАТА, СИ СЕ РОДИЛ УШТЕ ПОРАНО.
ДОКТОРИТЕ МИСЛЕЛЕ НЕМА ДА ПРЕЖИВЕЕШ.
НАШОЛ СПЕЦИЈАЛИСТ, ТЕ СПАСИЛ... МОРАЛ ДА ТИ СКРШИ РАКА ДА ТЕ ИЗВАДИ ОД СТОМАК НА АЊА!
А КОГА БЕШЕ БЕБЕ РАКАТА СЕКОГАШ ТИ СКОКАЛА ГОРЕ, ВАКА!
СЕ СМЕЕВМЕ И ТЕ ВИКАВМЕ „ХАЈЛ ХИТЛЕР!“
СЕКОГАШ ТИ ТУРКАВМЕ РАКА ДОЛЕ, А ТИ...
ОПА!
ПОГЛЕДНИ ШТО МИ НАПРАВИ СЕГА!
ЈАС? ДОБРО, ПОДОЦНА ПОВТОРНО ЌЕ ГИ ПРЕБРОЈАМ.
НЕ! ТИ НЕ ЗНАЕШ БРОИШ ТАБЛЕТИ. ПОСЛЕ, ЈАС... СТРУЧЕН ЗА ТОА.


И ТАКА... АЊА ОСТАНА СО СЕМЕЈСТВОТО, А ЈАС ЗАМИНАВ ВО БИЕЛСКО ПОРАДИ ФАБРИКАТА И ЗА ДА НАЈДАМ СТАН ЗА НАС...
НО, НАСКОРО ОД СОСНОВИЕЦ ПОВИК...
ВЛАДЕК? ВЕДНАШ ДОЈДИ ДОМА - АЊА Е *БОЛНА!*
ПЛАЧЕШЕ КОГА ВЛЕГОЛ...
ШТО НЕ Е ВО РЕД, ДРАГА?
**ОФ** НЕ Е ВАЖНО... НИШТО НЕ Е ВАЖНО.
НО, ЗОШТО ПЛАЧЕШ?
НЕ **ЗНАМ.**
ИМАМ ДОБРО СЕМЕЈСТВО... ПРЕКРАСЕН СИН... БИ ТРЕБАЛО ДА СУМ СРЕЌНА...
НО, НЕ МИ Е ГАЈЛЕ. **НЕ САКАМ ДА ЖИВЕАМ ПОВЕЌЕ.**
ЕВЕ, СОНЦЕ. ИСПИЈ ГО ОВА И ОДМОРИ СЕ.
НЕ РАЗБИРАМ.
*ШТО Е ПРОБЛЕ-МОТ?*
ПОРОДУВАЊЕТО ПРЕТЕШКО. СЕКОГАШ БЕШЕ ИЛИ ХИСТЕРИЧНА ИЛИ ДЕПРИМИРАНА... ОВА Е *НЕРВЕН СЛОМ!*
ТЕ МОЛАМ.
ДОКТОРОТ НИ КАЖА ЗА САНА-ТОРИУМОТ.
...НО, НЕКОЈ МОРА ДА ОДИ СО НЕА... НЕКОЈ КОМУ МУ ВЕРУВА.
СÈ Е ДОГОВОРЕНО - ДЕТЕТО ЌЕ ОСТАНЕ ТУКА СО ДАДИЛКА.
...А ЈАС ЌЕ ВНИМАВАМ НА ТВОЈАТА ФАБРИКА.
ШМРК


ТРГНАЛЕ ВЕДНАШ. САНАТОРИУМ ВО ЧЕХОСЛОВАЧКА,
ЕДЕН ОД НАЈСКАПИ И НАЈУБАВИ ВО СВЕТ.
СЕ СЕЌАВАМ ДЕКА ПРЕД ДА
ПРИСТИГНЕМЕ ПОМИНАВМЕ НИЗ ГРАТЧЕ.
ЛЕЛЕ
СИТЕ - СИТЕ ЕВРЕИ ВО ВОЗОТ -
ВОЗНЕМИРЕНИ И ИСПЛАШЕНИ.
ПОГЛЕДНИ!
ПОЧЕТОК НА 1938 ГОДИНА.
- ПРЕД ВОЈНАТА - ВИСОКО
ВО ЦЕНТАР НА ГРАД ВИОРИ
НАЦИСТИЧКО ЗНАМЕ...
ПРВПАТ ВИДЕЛ СВАСТИКА
СО СВОИ ОЧИ.



ВИ ВЕЛАМ, ВО ГЕРМАНИЈА СЕ СЛУЧУВА **ПОГРОМ!**
ЕДЕН ТИП НИ РАСКАЖА ЗА СВОЈ РОДНИНА ВО ГЕРМАНИЈА...
...МОРАЛ ДА МУ ПРОДАДЕ БИЗНИС НА ГЕРМАНЕЦ И ДА ИЗБЕГА ОД ЗЕМЈАТА, БЕЗ ПАРИ.
ЈАС СУМ ВАЛКАН ЕВРЕИН.
БИЛО ТАМУ ТЕШКО НА ЕВРЕИТЕ - СТРАШНО!
ДРУГ РАСКАЖАЛ ЗА РОДНИНА ВО БРАНДЕНБЕРГ - ПОЛИЦИЈА ДОШЛА ВО КУЌА И ВЕЌЕ НИКОЈ НЕ СЛУШНАЛ НИШТО ЗА НЕГО.
Во овој град нема Евреи.
ИМАШЕ МНОГУ, МНОГУ ТАКВИ ПРИКАЗНИ - ГОРЕЛЕ СИНАГОГИ, ЕВРЕИ ПРЕТЕПАНИ БЕЗ ПРИЧИНА, ОД ГРАДОВИ ПРОТЕРАЛЕ СИТЕ ЕВРЕИ - СЕКОЈА СЛЕДНА ПРИКАЗНА БЕШЕ ПОСТРАШНА ОД ПРЕТХОДНАТА.
ДА СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА ЌЕ ЈА ТУРНАТ ОД ВЛАСТ ТАА НАЦИСТИЧКА БАНДА!
САМО МОЛЕТЕ СЕ ДА НЕ ЗАПОЧНАТ ВОЈНА!


САНАТОРИУМОТ БИЛ ДАЛЕКУ ОД СÈ - СÈ МИРНО, ТИВКО.
ПОГЛЕДНИ КОЛКУ УБАВИ ГРАДИНИ, АЊА.
АХА...
ДОАЃАА ЛУЃЕ СО РАЗНИ БОЛЕСТИ ОД ЦЕЛ СВЕТ. ИМАЛО ПРОДАВНИЦИ... ТЕАТАР... НАВИСТИНА УБАВО...
НАШАТА СОБА Е КАКО ЛУКСУЗЕН ХОТЕЛ - КАКОВ ПОГЛЕД.
АХА...
СЕКОЕ УТРО СЕСТРИТЕ ПОСЕТУВАЛЕ АЊА.
И СЕКОЈ ДЕН ЗБОРУВАЛ СО СПЕЦИЈАЛИСТИ НА КЛИНИКА.
И, ШТО РЕЧЕ ДОКТОРОТ??
РЕЧЕ ДЕКА СИ ДОБРО... ДОБРО...
СМИРИ СЕ.
ДОБРО ЈА РАЗБИРАВ БОЛЕСТА, ПА СЕКОГАШ ПОМАГАЛ ДА СЕ СМИРИ.
ПОГЛЕДНИ - ДОБИВМЕ ПИСМО ОД ДОМА.
И СЛИКА ОД РИЧИУ - *ДАЈ ДА ВИДАМ!*
УБАВО МОМЧЕ... НА ТАТКО МУ, НЕЛИ?
ДА.


НАВЕЧЕР ОДЕЛЕ ВО ТЕАТАР ИЛИ ТАНЦ ВО КАФАНА.
СУМ ТИ ЈА РАСКАЖАЛ ЛИ ТРАГЕДИЈАТА ЗА ПЕРНИЦАТА НА МОЕТО СЕМЕЈСТВО ИЗГУБЕНА НА ПОЧЕТОКОТ НА ВОЈНАТА ВО 1914 ГОДИНА?
ИМАВ СЕДУМ ГОДИНИ... ЖИВЕЕВМЕ БЛИСКУ ДО ГРАНИЦАТА... НЕ БЕШЕ БЕЗБЕДНО...
Ѝ РАСКАЖУВАЛ ПРИКАЗНИ И ШЕГИ ЗА ЗАБАВА...
...ЗЕМАВМЕ ШТО МОЖЕВМЕ НА ЗАПРЕЖНА КОЛА СО ЧЕТИРИ КОЊИ И ОТИДОВМЕ КАЈ ДЕДО МИ ВО РАДОМСКО...
НЕКОЈ ПРОЈАВА КРАЈ НАС И НИ РЕЧЕ ДЕКА НЕКОЛКУ КИЛОМЕТРИ НАЗАД СМЕ ИЗГУБИЛЕ ПЕРНИЦА. ЈА СОБРАЛ НЕКОЈ ПАТНИК ЗА АМСТОВ.
ЗАМИСЛИ - ТАТКО МИ НИКОГАШ ПРЕТХОДНО НЕ ЈАВАЛ КОЊ... НО ИЗВАДИ ЕДЕН ОД ЗАПРЕГАТА И ОДЈАВА КОН АМСТОВ...
ЧЕКАВМЕ И ЧЕКАВМЕ... МАЈКА МИ ПОЧНА ДА ПЛАЧЕ: „СИГУРНО ПАДНАЛ И СЕ УБИЛ!" ГО МОЛЕШЕ ДА ЈА „ОСТАВИ ПЕРНИЦАТА И СИТЕ НАШИ ПРОБЛЕМИ СО НЕА!"
КОЊОТ БЕШЕ СЛАБ И БЕЗ СЕДЛО... НАЈПОСЛЕ, ДОЦНА ВО НОЌТА, ТАТКО МИ ДОЈАВА СО ПЕРНИЦА...
СО РАСКРВАВЕН *ЗАДНИК*...
ТАКА ТАТКО МИ ЈА ВРАТИ ПЕРНИЦАТА... НО НЕ МОЖЕШЕ ДА СЕДИ ДО КРАЈОТ НА ВОЈНАТА!
ТЕ САКАМ, ВЛАДЕК.
И ТАКА СЕ СМЕЕШЕ И БЕШЕ СРЕЌНА, ТОЛКУ СРЕЌНА ШТО СЕКОГАШ МЕ БАКНУВАШЕ, ТОЛКУ БЕШЕ СРЕЌНА.



ОСТАНАЛЕ ТАМУ МОЖЕБИ ТРИ МЕСЕЦИ, И КОГА СЕ ВРАТИВМЕ АЊА БИЛА ДРУГА ОД ПРЕТХОДНО.
ЈУ-ХУ, ТАТЕНЦЕ!
АЊА, ИЗГЛЕДАШ ОДЛИЧНО!
СЛУШАЈ, ВЛАДЕК... НЕ САКАВ ДА СЕ ГРИЖИШ ДОДЕКА БЕШЕ ВО САНАТОРИУМОТ, НО...
ПОДГОТВИ СЕ - ФАБРИКАТА ВО БИЕЛСКО Е ОГРАБЕНА!
ШТО!
МИНАТИОТ МЕСЕЦ ЗЕДОА СÈ!
АЈ! АЈ! АЈ!
НЕ СТИГНАВ НИ ДА ЈА ОСИГУРАМ ПРЕД ДА ЗАМИНЕМЕ.
ПА, БАРЕМ МОЖАМ ДА ТИ ПОМОГНАМ ДОДЕКА ПОЧНЕШ ОДНОВО.
ТЕ ОГРАБИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА НЕКОЈА АНТИСЕМИТСКА АКЦИЈА?
МИСЛАМ ДЕКА НЕ. САМО ГРАБЕЖ...
...КАКО КОГА НÈ ОГРАБИЈА ВО РЕГО ПАРКОТ, ЛАНИ... ПА... ТАТКО Ѝ НА АЊА НИ ПОМОГНАЛ ПАК ДА ЗАПОЧНЕМЕ СО БИЗНИС ВО БИЕЛСКО...


За неколку месеци пак богати - **мошне** богати... фабрика, стан со две соби, полска дадилка, дури и куќна помошничка.
Види, Ричиу, дојде тато!
Загрижен си, Владек.
Денес повторно имаше немири во центарот.
...сите викаа **„Евреите надвор! Евреите надвор!“**...беа убиени неколку луѓе. Полицијата само гледаше!
Оние нацистите буцкаат!
Кога станува збор за Евреите, Полјаците не **треба** многу да ги подбуцнуваат!
Госпоѓо Спигелман - како можете да **кажете** нешто такво? Вие сте ми како семејство!
Прости, Јанина. Не мислев на **тебе!** Се грижам!
Можеби мора да се преселиме, како другите.
Ако биде **навистина** гадно, ќе побегнеме во Сосновиец.
Зошто мислиш дека во Сосновиец би било посигурно од Биелско?
Тогаш мислеле дека Хитлер сака само делови од Полска, како Биелско, што некогаш биле дел од **Германија,** пред Прва светска војна.


СЕПАК, БИЛЕ СРЕЌНИ ЕДНА ГОДИНА - ДО 24 АВГУСТ 1939.
ПИСМО ОД **ДРЖАВАТА.**
**РЕГРУТАЦИЈА!** БИЛ ВО ПОЛСКАТА РЕЗЕРВА, МОРАЛ ДА ОДАМ ВЕДНАШ!
ГОЛЕМА ЗБРКА... СЕГА СИТЕ ЗНАЕЈА ДЕКА ЌЕ ИМА ВОЈНА...
БРЗО! ПАКУВАЈ СЀ! ТАТКО ТИ ЌЕ ТЕ ОДНЕСЕ ВО СОСНОВИЕЦ.
ВЛАДЕК, СЕ ПЛАШАМ!
ЗЕМИ ГИ СВОИТЕ УКРАСИ И ЗБИРКАТА КУКЛИ!
ЌЕ ВИДИШ, МОЖЕБИ ЌЕ ТИ БИДЕ МИЛО.
ТОА НЕ Е ВАЖНО!
БИЛ ВО ПРАВО. КОГА СТАНА ЛОШО ПОДОЦНА, ГИ ПРОДАДЕ.
ТАКА АЊА И РИЧИУ И ДАДИЛКАТА ТРГНАА НА ЕДНА СТРАНА - ВО СОСНОВИЕЦ...
... А ЈАС ВО ДРУГА НАСОКА... НА ГРАНИЦА СО ГЕРМАНИЈА.


И... НА 1 СЕПТЕМВРИ 1939 ГОДИНА СТИГНАЛА ВОЈНА. БИЛ НА ФРОНТ, ЕДЕН ОД ПРВИТЕ КОИ
АХ!
ТАКА. *ДВАПАТИ* ГИ ИСТУРИВ ЛЕКОВИТЕ.
ТОА ПОРАДИ ОЧИТЕ.
КОГА КРВАРЕЛО ЛЕВО ОКО ИМАЛ ГЛАУКОМ, ГО ИЗВАДИЛЕ. И СЕГА НЕ ГЛЕДАМ ДОБРО.
А СЕГА ИМАМ **КАТАРАКТА** ВО ДОБРОТО ОКО. ГЛЕДАШ КОЛКУ СТРАДАМ?
ТИ КАЖАВ ЗА ПОЗНАТИОТ СПЕЦИЈАЛИСТ ШТО ЌЕ МЕ ОПЕРИРА?
АХА...
МИНАТАТА ГОДИНА ТОЈ ИТНО МЕ ОПЕРИРА...
И ПОТОА **МЕ ОСТАВИ!**... ОТИДЕ ДА ПРЕДАВА НА НЕКОЈА ТЕЛЕВИЗИЈА!


ОКОТО ПОЧНА ДА КРВАРИ И ОТРЧАЛ ДА НАЈДАМ ДОКТОР ВО ДРУГА БОЛНИЦА.
ДРУГИОТ СПЕЦИЈАЛИСТ ОПЕРИРА ВЕДНАШ! ИНАКУ ЌЕ УМРЕЛ.
И СЕГА ИМАМ СТАКЛЕНО ОКО.
ЗАВРШИЛ ДОБРА РАБОТА, НЕ? ЕДНАШ ВО БОЛНИЦАТА ДОЈДЕ МЛАД ДОКТОР ...
ДОЛГО ГЛЕДАШЕ СО СВЕТЛО ВО МОЕ ОКО И РЕЧЕ „ГОСПОДИНЕ СПИГЕЛМАН, ВАШЕТО ЛЕВО ОКО Е СОВРШЕНО!“
„...НО ВО ДЕСНОТО ИМАТЕ КАТАРАКТА.“ СЕКАКО, ТОЈ НЕ ЗНАЕ ДЕКА ЛЕВО ОКО СТАКЛЕНО...
А НЕ МУ КАЖАЛ ДА НЕ МУ СРАМ.
АХА. ВЕЌЕ МИ ГО РАСКАЖА ТОА.
ПА, ЗА ДЕНЕС Е ДОСТА, НЕЛИ? ИЗМОРЕН СУМ И МОРАМ ДА ГИ ПРЕБРОЈАМ ТАБЛЕТИТЕ.
ДОБРО, ДОБРА ИДЕЈА... РАКАТА ВЕЌЕ МЕ БОЛИ ОД ПИШУВАЊЕ.